# ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ

## за стручни профили вработени во детски градинки

**- ПРИРАЧНИК -**

**Скопје, 2024**

Оваа публикација е подготвена со експертска и финансиска поддршка од проектот на ЕУ „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа“ EuropeAid/139823/IH/SER/MK

Наслов:

ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА СТРУЧНИ ПРОФИЛИ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ - ПРИРАЧНИК

Издавач:

Министерство за социјална политика, демографија и млади

За издавач: Министер Фатмир Лимани

Автори:

Проф. д-р-Јасмина Клеменовиќ

Проф. д-р-Алма Тасевска

Проф. д-р-Адријана Вишњиќ-Јевтиќ

Уредник:

Проф д-р Алма Тасевска

Компјутерска обработка:

ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

Лектура: КОНТИНЕО ДОО Скопје

Печатница: ТЕДИ ТРЕЈД КОМ ДОО Скопје

Тираж: 400 примероци

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

ISBN: 978-608-249-602-3

COBISS.MK-ID 64652805

Година и место на издавање: Скопје, 2024

Забелешка

Содржината на овој прирачник е единствено одговорност на Архидата с.р.л. и на нејзините партнери во конзорциумот и на никој начин не може да се смета дека ги отсликува гледиштата на Европската Унија и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## СОДРЖИНА:


РЕЗИМЕ . . . . . . 5

1. ОСНОВНИ ПОИМИ . . . . . . 8

2. Меѓународни искуства за професионални компетенции и валификации за стручните профили вработени во детски градин . . . . . . 10

3. Стандард на квалификација и стручни профили вработени во детските градинки . . . . . . 15

3.1 Стандард на квалификација на стручните профили во детските градинки . . . . . . 15

3.2 Стручни профили во детските градинки . . . . . . 19

4. Професионални вредности на стручните профили во детските градинки . . . . . . 22

5. Основни професионални компетенции на стручните профили вработени во детските градинки . . . . . . 24

5.1. Структура на основните професионални компетенции на стручните профили вработени во детските градинки . . . . . . 25

6. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки (Категорија А – ДИРЕКТОРИ/РАКОВОДИТЕЛИ) . . . . . . 29

7. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки (Категорија Б – СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ) . . . . . . 35

7.1 Заеднички компетенции за стручните работници . . . . . . 36

8. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки (Категорија В – ВОСПИТУВАЧИ) . . . . . . 43

9. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки (Категорија Г – СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ). . . . . . 50

9.1 Заеднички компетенции за стручните соработници . . . . . . 51

10. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки (Категорија Д – НЕГУВАТЕЛИ) . . . . . . 57

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА . . . . . . 63

# РЕЗИМЕ

Кон средината на 2019 година, Советот на Европската Унија објави Препорака за висококвалитетни системи за предучилишно воспитување и образование[1], во која се поаѓа од 11-те принципи на Европскиот столб за социјални права, каде што се наведува дека „сите деца имаат право на достапно и висококвалитетно предучилишно воспитување и образование“[2]. Ова е во согласност со Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето и со Целта за одржлив развој на Обединетите нации 4.2., каде што се предвидува дека до 2030 година „сите девојчиња и момчиња треба да имаат пристап до квалитетна рана грижа и квалитетно образование кои ќе им овозможат ран развој и учење“[3], како основа за формалното образование и доживотното учење.

Во бројни европски документи се потенцира **клучната улога на предучилишното воспитување и образование во промовирањето на раното учење за сите деца, нивната благосостојба и развој.**[4] Тоа се смета како најделотворна инвестиција од сите фази на образованието, особено за децата во неповолна положба. Сепак, одредени истражувачки студии покажуваат дека ваквите цели нема да ги постигнат сите предучилишни програми, туку само оние со висок квалитет. [5]

Основни **карактеристики на висококвалитетните предучилишни програми и услуги** се: висок степен на достапност, прифатливост и инклузивност; дизајн заснован на претпоставка дека образованието и грижата се нераздвоиви; партнерствата со семејствата се засноваат врз доверба и заемно почитување; детство кое има вредност само по себе, децата се поддржани и ценети; развојот, учењето и изборот на активности се насочени кон децата и нивниот интерес за учење, што им овозможува да научат како да учат и како да бидат емпатични и толерантни кон различностите; развој на јазични

---

[1] Official Journal of the EU (2019): *Council Recommendation on High-Quality Early Childhood Education and Care Systems* (C189/02), Official Journal of the European Union, 05 June 2019.

[2] General Secretariat of the Council (2017): *The European Pillar of Social Rights* (13129/17), Council of the European Union, Brussels 20 October 2017.

[3] United Nations (2018): *Education for sustainable development in the framework of the 2030 Agenda for Sustainable Development*(A/RES/72/222),The General AssemblyUnited Nations, 25 January 2018.

[4] Dumcius, R., et all (2014). Study on the effective use of early childhood education and care in preventing early school leaving - Final Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union, doi: 10.2766/81384; Official Journal of the EU (2013): *Council Recommendation* on effective Roma integration measures in the Member States (C378/01), Official Journal of the European Union, of 9 December 2013; OECD (2018), *Education at a Glance 2018: OECD Indicators*, Paris: OECD Publishing. doi.org/10.1787/19991487; Vandenbroecka, M., et all (2018). Benefits of early childhood education and care and the conditions for obtaining them, Report of the European Expert Network on Economics of Education. Luxembourg: Publications Office of the European Union, doi: 10.2766/007676.

[5] Melhuish, E., et all (2015). *A review of research on the effects of Early Childhood Education and Care upon child development*. CARE project, Curriculum Quality Analysis and Impact Review of European Early Childhood Education and Care - ECEC.

компетенции кај децата од различни културни заедници, што може да помогне при подобрување на нивните можности за образование и успешна интеграција во заедницата.[6]

Овие сложени и динамични карактеристики на висококвалитетните предучилишни програми и услуги бараат посветена и одговорна работа со децата, семејствата и заедниците од страна на сите стручни профили во системот на предучилишно воспитание, образование и грижа. Оттука се појавуваат голем број прашања: Што треба да знаат, разберат и секојдневно да прават практичарите во предучилишните институции? Дали нивното првично образование ги подготвува доволно за таква сложена, динамична и одговорна работа? Какви основни знаења и вештини можат да ги подготват за да ги разберат целосно и да ги земат предвид благосостојбата на децата, нивните образовни и развојни потреби, релевантните социјални случувања, родовата еднаквост и сеопфатно разбирање на правата на децата и нивните семејства? Дали тие знаења им овозможуваат на практичарите во детските градинки стекнување надлежности/компетенции за задоволување на индивидуалните потреби на децата во однос на развојот и различното социо-економско потекло? Дали практичарите, и сите други професионалци ангажирани во предучилишни установи, се во позиција да ги стекнат и да ги развијат компетенциите?

Во таа смисла, **сите стручни профили во системот на предучилишното воспитание, образование и грижа претставуваат важна компонента во креирањето квалитетни програми, а нивните професионални компетенции се есенцијални за достигнување висок квалитет** на услугите во раното детство. Меѓу истражувачите, практичарите и креаторите на политиките постои консензус за тоа дека квалитетот на услугите за рано учење и развој зависи од добро образовани, искусни и компетентни вработени. Но, паралелно со регулативите поврзани со профилот на компетентност, потребни се и други инвестиции за да се поддржи спроведувањето на индивидуалните компетенции. Тие се однесуваат на поддршка за практичари и идни практичари, стимулирање системски пристап за креирање политики за предучилишно воспитание, образование и грижа и лидерство, персонал, време за заедничка рефлексија, обуки, кариерно советување и други ресурси за поддршка. Квалитетот на стручните профили не може да се сведе на збир од надлежности на поединците. Иако поимот „компетентност" често се поврзува со квалитетите на една личност, всушност, квалитетот на вработените се определува со интеракцијата помеѓу надлежните лица во она што ние го нарекуваме „надлежен систем". Меѓу поизразените аспекти на системските услови што овозможуваат развивање на компетенциите се поддржувачки услови за работа, вклучително и професионално лидерство, што создава можности за набљудување, размислување, планирање, тимска работа и соработка со родителите.

Во таа смисла, овој документ ја следи трансформациската перспектива, која го надминува индивидуалното ниво и пристапува посистемски кон професионалните компетенции на стручните профили во детските градинки. Имајќи предвид дека во нашата земја предучилишното воспитание, образование и грижа се остварува во установи за деца кои може да бидат организирани како детски градинки и/или центри за ран детски развој, во овој документ се претставени основните професионални компетенции на стручните профили вработени во детските градинки, освен за воспитувачи, имајќи предвид дека тие

[6] Official Journal of the EU (2019): Council Recommendation on High-Quality Early Childhood Education and Care Systems (C189/02), Official Journal of the European Union, 05 June 2019.

се подготвени во претходниот период.[7] Тоа го имплицира фактот што директорите работат заедно со воспитувачите, негувателите, стручните работници и стручните соработници, родителите и пошироката заедница за да се достигне инклузивна визија за амбициозни, но сепак достижни излезни резултати за секого. Оваа перспектива е насочена кон развој на заедница за учење која е фокусирана на успех во учењето и развој на секое дете, при што секој воспитувач, негувател, стручен работник и стручен соработник индивидуално поставува професионален и културен амбиент во кој секоја индивидуа е вреднувана и сфатена и добива поддршка до највисоките очекувања и можности за развој на индивидуалниот потенцијал. Ваквиот пристап на професионален и културен амбиент може да биде одржлив доколку и директорите, како и воспитувачите и стручните работници, се дел од овој концепт, во кој како индивидуи ќе бидат следени и разбрани од самите себеси и ќе обезбедат соодветна структура и неопходни ресурси за негување на културата на континуирано напредување и градење на заедничките капацитети.

**Основните професионални компетенции на стручните профили во детските градинки имаат за цел да обезбедат ефективна работа, професионален и културен амбиент ориентиран кон детските постигнувања, како и кон постигнувањата на сите вработени**. Со овој пристап се настојува вработувањето во детска градинка да биде попривлечна опција за поквалификуван персонал, кој ќе има можност за континуиран професионален развој и за соодветна кариера.

[7] Creating competencies for kindergarten teachers British Embassy funded project, implemented by UNICEF Office –Skopje and Ministry of Labour and Social Policy, 2018.

# 1. ОСНОВНИ ПОИМИ

**Профил на вработени во детските градинки** – содржи податоци кои се однесуваат на именување на занимањето на македонски (според Класификацијата и стандардите на занимања) и на англиски јазик (според Systems of early education, care and professionalisation in Europe – seepro), барањата за квалификации од стручно образование според ЕРК, МРК и ISCED, со информација согласно со секторот на работа.

**Европска рамка на квалификации (ЕРК/EQF** – European Qualifications Framework) – претставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различни земји и претставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите. ***Ниво во рамката*** е серија последователни чекори на учење изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.

**Македонска рамка на квалификации (МРК)** – задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во нашата земја и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во нашата земја, со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.

**Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED – International Standard Classification of Education)** – статистичка рамка за организирање информации за образование поставена од страна на УНЕСКО. Инструментот е погоден за споредба, составување и презентирање образовна статистика на меѓународно ниво.

**Квалификација** – формален резултат од процес на оценување и потврдување кој е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење согласно со утврдени стандарди. ***Описи на квалификации*** се мерливи показатели за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

**Компетенции** – комплексен збир на стекнато знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа.

**Подрачја на компетенции** – дефинирани во неколку клучни области на знаење и вештини кои претставуваат заедничка основа за развивање компетенции кај профил на персонал со цел унапредување на квалитетот на работа.

**Програма (образовна/студиска)** – збир на образовни компоненти засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување конкретна квалификација.

**Формално учење** – дејност обезбедена од страна на образовна установа или установа за обука која се спроведува според одредени одобрени програми со цел да се унапредат знаењето, вештините и компетенциите, за што се издава соодветен документ.

**Неформално учење** – организирани активности на учење со цел унапредување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби,

што најчесто води кон добивање сертификати потребни за професионален и кариерен развој.

**Информално учење** – секое учење коешто не е ниту формално образование ниту неформално учење, еден вид самостојно учење или учење од искуство. Информалното учење е раширен феномен на учење, во текот на кој се учи преку учество и каде што доаѓа до создавање на знаењата.

**Доживотно учење** – активност на формално, неформално и информално учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични професионални и општествени потреби.

**Резултати од учење** – изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот како резултат на формален, неформален или информален процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).

**Професионални вредности** – принципи кои се свесно прифатени од професијата затоа што влијаат позитивно на севкупниот развој на заедницата/имаат позитивно влијание врз децата и семејствата.

**Професионален развој** – континуирано образование и обука што се спроведуваат со цел да се зголемат знаењата и да се зајакнат вештините и способностите на професионалците кои работат во детските градинки за да се стекнат со компетенции кои постојано ќе ја подобруваат нивната секојдневна работа. Професионалниот развој зависи од иницијалното образование, можностите, потребите и желбата за активно следење и учество во сите достапни форми.

## 2. Меѓународни искуства за професионални компетенции и квалификации за стручните профили вработени во детските градинки

Како во академските кругови, така и во документите за меѓународна политика, постои широк консензус за тоа дека квалитетот на стручните профили вработени во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа претставува силен предиктор на нивото на исходите на детскиот развој и учење. Затоа, според истражувањата се препорачува дека **персоналот во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа треба да биде квалификуван на ниво на диплома** (ISCED 5), а документите за меѓународна политика наведуваат дека **најмалку 60 % од вработените** треба да бидат обучени на ова ниво.[8]

Последните меѓународни анализи покажуваат дека во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа работат различни видови вработени, кои се именувани разновидно и се со различни квалификации. Истражувањата[9] од овој тип покажуваат дека системите се разликуваат од земја до земја во многу аспекти: управување; тип на вработени лица; квалификации на практичарите и нивна почетна обука; методи за обука во текот на услугата; политики и реформи; организациски и управувачки модели. Иако некои земји имаат **национални барања за формална компетентност за професијата и за почетната професионална подготовка**, други земји имаат формални барања за компетентност за професијата, но не и за професионална подготовка (или обратно), а други воопшто немаат. Вообичаено, во таквите меѓународни анализи се воведуваат основни општи термини кои ја олеснуваат систематизацијата и ја овозможуваат споредбата. Целта е да се препознаат добрите практики и да се дадат насоки врз основа на кои ќе се развиваат компетенциите за подобрување на квалитетот на стручните профили вработени во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа.

Во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа терминот „**практичар**“ се однесува на оној **персонал кој има секојдневен и директен контакт со деца, а чии должности вклучуваат образование и/или грижа**. Вообичаено, тоа се индивидуалци-професионалци кои водат група деца во занимална и работат директно со децата и со нивните семејства. Практичари од овој вид, во контекст на нашата земја, се **воспитувач** (работи со деца од 3 до 6 години) и **негувател** (работи со деца од 6 месеци до 3 години). Освен тоа, во многу земји, тимови составени од повеќемина споделуваат одговорност за група деца наместо да има единствен професионалец задолжен за цела група деца, како што е честопати во основните училишта. Некои земји имаат утврдено ист минимален

---

[8] *Key Data on Early Childhood Education and Care in Europe* (2019). European Commission – EACEA - Eurydice Report. Luxembourg: Publications Office of the European Union. doi:10.2797/894279

[9] Oberhuemer, P., Schreyer, I. (2017). *Professionals in Early Childhood Education and Care Systems*: *European Profiles and Perspectives*. Opladen and Farmington Hills, MI: Barbara Budrich.

услов за квалификација за сите членови на персоналот, други имаат различни профили на работни места и бараат различни квалификации за различни позиции.[10]

Само во една третина од системот за предучилишно воспитание, образование и грижа во Европа се поставуваат барања **практичарите кои работат со групи деца до 3 години**, односно негувателите, **да имаат постдипломско образование или високо ниво на квалификации**. Во тринаесет европски земји (Бугарија, Германија, Естонија, Грција, Франција, Хрватска, Кипар, Литванија, Словенија, Финска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Норвешка), минимум квалификациско ниво е додипломско образование, а само во две земји (Португалија и Исланд) се бара образование на ниво на магистратура/мастер. Важно е да се напомене дека постојат и земји во кои не постои регулирање на минимум квалификација за негуватели (на пр. во Велика Британија, Португалија за практичари кои работат со деца на возраст до 1 година). Во Бугарија во секоја група деца под 3-годишна возраст, која се нарекува јасли, работи негувател кој треба да биде раководен од страна на двајца други практичари кои имаат најмалку додипломско образование. Само еден од нив мора да биде педагог, а другиот практичар е негувател.

Во три четвртини од системот за предучилишно воспитание, образование и грижа во Европа се бара од основните **практичари кои работат со група деца од над 3-годишна возраст**, односно воспитувачите, да имаат **диплома или повисока диплома на квалификација во предучилишно или општо образование**. Така, во 29 европски земји потребен минимален услов е диплома, а во четири (Франција, Италија, Португалија и Исланд) магистратура/мастер ниво. Во осум образовни системи, минималното квалификациско ниво потребно за работа како основен практичар за која било возрасна група е под нивото на диплома (Чешка, Ирска, Летонија, Малта, Австрија, Романија, Словачка и Шкотска).

Важно е да се спомене дека **барањата за квалификација на персоналот се во корелација со начинот на организирање на системот за предучилишно воспитување, образование и грижа.** Во повеќе земји со унитарни системи, или онаму каде што постојат и унитарни и посебни поставки, основните практичари мора да бидат квалификувани на ниво на диплома или повисоко. Спротивно на тоа, речиси сите земји со посебни поставки имаат поголеми побарувања за персоналот кој работи со постари деца во претходни услови отколку за оние што работат со помлади деца. Исклучок се Северна Македонија и Србија, каде што сите одредби се направени во унитарни услови, а минималното ниво на квалификација за основните практичари кои се грижат за помлади деца е пониско отколку за оние кои работат со деца од над 3 години. Три земји (Грција, Кипар и Португалија), со посебни поставки во зависност од детската возраст, имаат високи барања за персонал во двете фази на системот за предучилишно воспитание, образование и грижа. Тоа значи барања за квалификации на високо ниво за основните практичари низ целата фаза на системот за предучилишно воспитание, образование и грижа. Иако основните практичари обично се главна категорија на персоналот во овој систем, во повеќето европски системи тие се поддржани во нивната работа со деца од страна на **асистенти за образование и**

[10] Кога со група на деца во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа работи тим, најмалку едно лице во тимот мора да има повисоко ниво на квалификација од другите вработени кои работат со истата група на деца. Тоа лице се смета за основен практичар, а другите му се асистенти. Доколку од сите членови на тимот се бара да имаат иста квалификација, сите тие се сметаат за основни практичари, и покрај какви било повисоки стручни оценки достапни во одредена земја.

**грижа**. Во некои земји асистентите работат и со помлади и со постари деца. Во четири земји (Грција, Италија, Лихтенштајн и Црна Гора) асистентите работат само со помлади деца, додека во три земји (Белгија, Луксембург и Словачка) тие работат само со групи од постари деца. Во поголемиот дел од системот за предучилишно воспитание, образование и грижа со асистенти, органот на највисоко ниво не предвидува регулативи за минималните почетни стручни квалификации. Сепак, 13 системи имаат регулативи во оваа област. Шест образовни системи (Германија, Естонија, Грција, Луксембург, Шкотска и Црна Гора) бараат минимална квалификација за постсредно образование (ISCED 4), иако во повеќето случаи се бара секундарна квалификација (ISCED3) поврзана со предучилишно или основно образование. Таков е случајот во Словачка и Белгија (Фламанска заедница), каде што асистентите работат само со постари деца, и во Франција, Словенија и Финска, каде што асистентите работат со двете возрасни групи. Во два образовни система (Холандија и Турција) минималните барања за квалификација варираат во зависност од возраста на децата.[11] За разлика од тоа, 13 европски држави (Бугарија, Чешка, Ирска, Хрватска, Кипар, Литванија, Малта, Полска, Романија, Албанија, Исланд, Северна Македонија и Србија) немаат предвидено асистенти меѓу вработениот персонал во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа.

**Поширокото разбирање на категоријата „практичар“** во овој систем може да опфати и разни специјалисти кои ја изведуваат воспитно-образовната, како и педагошко-психолошката работа со група деца, или работа со дете на индивидуално ниво, како што се педагози, психолози, логопеди (т.н. **стручни работници**) и други педагошки профили кои се специјалисти од разни предметни подрачја, како педагози по музичко образование, ликовна култура, странски јазик, спорт и физичка култура, итн. (т.н. **стручни соработници**). Најчесто, во меѓународните анализи името „практичар“ се врзува за: воспитувачи, негуватели, педагози и други членови од стручната служба. Исто така, меѓународните квалификации под „персонал во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа“ често пати не вклучуваат медицински/здравствен персонал кој дава поддршка за физичкиот развој на децата, како што се педијатари, физиотерапевти, психомоторни терапевти, нутриционисти или логопеди, ниту пак вклучува персонал кој врши подготовка на храна, одржување на хигиена во просторот и чистење.

Меѓународното искуство покажува дека во овој систем можат да работат разни стручни профили и специјалисти, квалификувани на додипломско ниво од високото образование (ISCED 6) за специфични области, како што се: **психолози, педагози, социјални работници, логопеди, специјални едукатори, рехабилитатори** и други (т.н. **стручни работници**). Овие специјалисти може да бидат вработени директно во самата установа за деца, како дел од стручниот тим, или да се поддршка и помош на персоналот што директно работи со деца, а се реализира од страна на специјалисти ангажирани од надворешни служби или институции за поддршка. Малите институции често ангажираат надворешни

---

[11] Холандија, на пример, не пропишува никакви минимални барања за образование на асистенти кои работат во групи со помлади деца, но 2-годишен курс за стручно образование на повисоко средно ниво е задолжителен за асистенти кои работат со постари деца. Во Турција, асистентите во дневните центри треба да завршат едногодишен курс за обука организирана од Министерството за национално образование преку јавни центри за образование или акредитирани приватни курсеви, по три години во општо средно образование. Асистенти кои работат со постари деца во градинките се квалификуваат со 4-годишна квалификација за стручно оспособување на ниво ISCED 3.

стручни работници, кои вообичаено се организирани како мултидисциплинарни тимови. Овие тимови може да обезбедат помош на дете индивидуално или на деца во мали групи во нивните установи или во просториите на институцијата за поддршка. Речиси во сите европски земји, регулативата опфаќа услуги на целиот спектар на персонал за поддршка кои имаат различно стручно образование и се со различно ниво на ангажирање. Психолозите обезбедуваат поддршка во повеќе земји, додека поддршката од професионалци кои се специјализирани за почетно читање или математика е поретка. Во повеќе од две третини од европските земји, други видови професионалци може да поддржуваат персонал во овој систем за деца постари од 2 или 3 години. Освен логопеди и психолози, институциите за постари деца често имаат пристап до педагози, социјални работници или вработени ако постојат посебни образовни потреби. Од друга страна, институциите за мали деца обично добиваат поддршка од медицински или здравствени професионалци, како што се педијатари, психотерапевти, психомоторни терапевти, нутриционисти и други, кои го поддржуваат физичкиот развој на децата.

Обезбедувањето професионални здружени услуги претставува дискреционо право на давателот на услуги. Обично, ангажирањето на потребниот специјализиран персонал е одговорност на директорот на установата, кој тоа го прави врз основа на искажана потреба од страна на практичарите кои работат со деца и родители. Честопати, големината на институцијата или бројот на деца со дополнителни образовни потреби ја одредува достапноста на професионалци. Така, присуството на ваква професионална услуга во Литванија зависи од бројот на деца со специјални образовни потреби во институцијата. Една институција може да вработи еден логопед доколку има најмалку 25-30 деца на кои им е потребна помош. Онаму каде што нема можност да се обезбеди стручна помош во рамките на институцијата, може да се обезбеди поддршка од локална психолошка служба. За разлика од тоа, во Словенија и во Србија сите јавни и субвенционирани установи за деца имаат интерна советодавна служба. Градинки со 30 или повеќе групи имаат право на редовен советник, додека помалите градинки имаат право на услуги за советување со скратено работно време. Разни видови професионалци, како што се психолози, дефектолози, специјалисти за рехабилитација, социјални работници и други, може да бидат вработени како советници за овие услуги. Наспроти таквото решение е очекувањето давателите на услуги во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа да остваруваат соработка со локални агенции за поддршка (во Луксембург, Шкотска и Ирска), централна педагошка служба (во Унгарија) или центар за психо-медицинско-социјална поддршка (Белгија), кои можат да понудат персонал од разни специјалности и да обезбедат помош на деца на кои им е потребна емоционална, психолошка, културна и секаква друга поддршка за учење, што е почесто во групите за постари деца.

Освен наведените професионални услуги, во одредени средини (Хрватска, Србија, Португалија, Летонија, Лихтенштајн, Обединетото Кралство), во групите за постари деца често се појавуваат и **педагози или наставници од разни предметни подрачја** (т.н. **стручни соработници**), кои мора да бидат квалификувани на додипломско ниво од високото образование (ISCED 6). На пример, во Летонија присуството на стручни соработници во предучилишните установи е условено од финансиските ресурси на општините. Како „други специјалисти“ се ангажираат педагози по музичко образование, педагози по летонски јазик, како и педагози по физичка култура. Во Португалија како „други специјалисти“ може да бидат вклучени педагози од областа на екологијата, применетата уметност, музичките и образовните науки, а во Обединетото Кралство како

соработници се појавуваат педагози по математика. Во европските мултикултурни средини често се ангажирани педагози за одреден јазик, кој на децата им е втор јазик/јазик на образование (на пр. во Лихтенштајн и во Германија ангажирани се педагози по германски јазик) или се организира поддршка за развој на првиот јазик како важна основа за когнитивен детски развој и успешно образование. На пример, во Швајцарија може да бидат ангажирани педагози по различни јазици кои на децата од разни етнички групи им е прв, т.е. мајчин јазик.

Анализите на меѓународното искуство[12] покажуваат дека во европската практика честопати најважниот критериум за промовирање на **позицијата раководител/директор во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа е претходното работно искуство**[13] како практичар, што значи дека минималното ниво на квалификација е исто како и за практичарите. Така, на пример, во Полска, Велика Британија, Чешка, Словачка и Швајцарија минимум ниво на квалификација за директор е ISCED 3, додека пак во Австрија, Албанија, Лихтенштајн, како и Италија и Малта, во установи за деца до 3-годишна возраст тоа е ISCED 5. Во Бугарија, Романија и Исланд минимум ниво на квалификација за позицијата раководител/директор во овој систем е ниво на магистер/мастер, додека пак во Франција, Италија, Луксембург и Малта оваа квалификација се поставува само за директори во установи за постари деца. Во четири земји (Данска, Ирска, Холандија и Шведска) на национално ниво не е регулирана минималната квалификација за директори во овој систем, додека пак во Белгија (францускиот и германскиот јазичен регион), Шпанија, Полска, Португалија, Швајцарија и Турција директорите на установите за групи од деца од 3 до 6 години може да бидат и директори на основни училишта и обратно. Иако во две третини од европскиот систем за предучилишно воспитание, образование и грижа за позицијата раководител на предучилишна установа се бара минимално ниво на квалификација, како за основните практичари, сепак се забележува дека за позицијата раководител во предучилишни установи за помлади деца се бара повисоко ниво на квалификација од основните практичари во речиси половина од европските земји. Во некои земји, покрај соодветните основни квалификации и работното искуство, потребна е и **специфична обука за раководителите,** која може да биде како дополнување на квалификациите на магистерско ниво во образовно лидерство и менаџмент, или споредлива професионална квалификација (во Бугарија, Малта) или како специфична обука за раководители, со варијабилно времетраење од 120 до 260 часа (Словенија, Србија, Шведска, Швајцарија, Шпанија). Оваа специфична програма може да биде завршена пред назначувањето на позиција или во рамките на првата/втората година на работното место. Во некои системи (Белгија – Фламанска заедница, Данска, Германија, Финска, Англија и Норвешка), иако таквите програми постојат, раководителите не се обврзани да ја завршат специфичната обука.

---

[12] *Key Data on Early Childhood Education and Care in Europe* (2019). European Commission – EACEA - Eurydice Report (pg. 110). Luxembourg: Publications Office of the European Union. doi:10.2797/894279

[13] Претходно работно искуство во системот за предучилишно воспитание, образование и грижа или во системот на образование е услов за позицијата раководител во две третини од европските земји, но во девет системи тоа е потребно само за оние што управуваат со установи за постари деца (Белгија – Француска заедница, Чешка, Шпанија, Италија, Кипар, Малта, Романија, Словачка и Швајцарија). Минималниот број на години работно искуство варира помеѓу 2 години (во Грција, Франција, Литванија, Англија, Велс, Ирска, и некои кантони во Босна и Херцеговина) и 13 години (во Кипар).

# 3. Стандард на квалификација и стручен профил на вработените во детските градинки

## 3.1 Стандард на квалификација на стручните профили во детските градинки

Македонската рамка на квалификации е инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење во нашата земја. Тоа е инструмент кој ги опфаќа традиционалниот образовен систем, сегашната состојба во образованието, обуката и системот на квалификации, развојот на општеството, потребите на пазарот на трудот, потребите на поединецот, насоките на Европската рамка на квалификации и на меѓународните прописи кои ги прифатила нашата земја.

Табела 1: Ниво на високо образование споредбено во Европската и во Македонската рамка на квалификации

<table>
<tr><th>Ниво во ЕРК</th><th>Високо образование</th><th colspan="2">Ниво во МРК</th></tr>
<tr><td>8</td><td>III циклус на студии Докторски студии</td><td colspan="2">VIII</td></tr>
<tr><td rowspan="2">7</td><td>II циклус на студии Магистерски академски студии</td><td>VIIА</td><td rowspan="2">VII</td></tr>
<tr><td>II циклус на студии Специјалистички студии</td><td>VIIБ</td></tr>
<tr><td rowspan="2">6</td><td>I циклус на студии Универзитетски студии 240 кредити Стручни студии 240 кредити</td><td>VIА</td><td rowspan="2">VI</td></tr>
<tr><td>I циклус на студии Универзитетски студии 180 кредити Стручни студии 180 кредити</td><td>VIБ</td></tr>
<tr><td rowspan="2">5</td><td>Стручни студии од 60 до 120 кредити Кратки циклуси во рамките на првиот циклус</td><td>V А</td><td rowspan="2">V</td></tr>
<tr><td>Стручно образование поврзано со првиот циклус на студии до 60 кредити</td><td>V Б</td></tr>
</table>

Рамката на квалификации дава јасен преглед на начинот на стекнување на квалификациите за да се задоволат потребите на пазарот на трудот и на општеството и за да се поддржи доживотното учење. Во овој документ квалификацијата се дефинира како формален резултат од процесот на оценување и потврдување којшто е стекнат кога одговорната институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење, во согласност со утврдените стандарди. Описите на квалификациите се засноваат врз резултатите од учењето. Во таа смисла, квалификациите претставуваат збир на сертифицирани

и документирани резултати од учење (знаења, вештини и компетенции) во согласност со дадени стандарди, без оглед на тоа како и каде се стекнати.

Националната рамка поставуваа јасни критериуми на квалитет за стекнување квалификација на одредено ниво што учесникот може да ја стекне по завршувањето на образованието и обуката. Квалификациите се однесуваат на општото образование, формалното стручно образование и обука, неформалното образование и обука и на високото образование. Рамката содржи збир на принципи кои ја покажуваат вредноста на квалификациите и им овозможуваат на заинтересираните корисници да видат дали квалификацијата им дава можност за понатамошно образование и обука или за вработување, или и за едното и за другото.

Табела 2: Приказ на знаења, разбирања, вештини и компетенции според нивоа

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| **VII** (седмо) | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на втономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓу народни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и | Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за правување со сложени прашања, систематски и реативно;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области и поставување нови анализи и решенија врз научна основа;<br><br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно дејствување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со нивно рационално поткрепување, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено. | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно Проценување, дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и процена;<br><br>Способност за преземање одговорност за натамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | | |
| **Ниво** | **Знаење и разбирање** | **Вештини** | **Компетенции** |
| **VI** (шесто) | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира нформации, идеи и концепти од соодветни податоци;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение;<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за теккнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност;<br><br>Способност да општи и да расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани, како со стручна, така и со нестручна јавност. | Презема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии;<br><br>Донесува соодветна процена земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. |

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| **V** (петто) | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование, поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област;<br><br>Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира, кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br><br>Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност;<br><br>Поседува способност да општи и да расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот;<br><br>Способен е за пренесување знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите;<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на останатите во групата. |

## 3.2 Стручни профили во детските градинки

Во нашата земја **згрижување и воспитание на деца од рана и предучилишна возраст се остварува во јавни (и приватни) установи за деца – детски градинки и центри за ран детски развој**. Според Законот за заштита на децата, во јавните установи за деца се вработени различни стручни профили кои изведуваат згрижувачко-воспитна, воспитно-образовна и друга педагошка и психолошка работа, работа на социјална заштита на децата и превентивна здравствена заштита, стручна работа за заштита на децата, стручна работа за одмор и рекреација на деца и други стручни работи за заштита на децата. Вработените според различни стручни профили се распоредени на работни места (*Службен весник на Република Македонија* 146/2019, чл. 135):

- **Раководител на објект – категорија А;**
- **Стручни работници – категорија Б;**
- **Воспитувачи – категорија В;**
- **Стручни соработници – категорија Г;**
- **Негуватели/помошно-стручни работници – категорија Д.**

**Носители на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната дејност** со деца на возраст од раѓање до 6 години се негуватели и воспитувачи кои работат во соработка со стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, доктор на медицина и доктор на стоматологија) и стручни соработници – музички педагог, ликовен педагог, педагог по физичко воспитување, професор по странски јазик и книжевност, медицинска сестра.

Табела 3: Меѓународна препознатливост на стручни профили во детските градинки во нашата земја

| **Job title**<br>On Macedonian<br>On English<br>**Job profile** | **Main ECEC work-place settings and age-range** | **Main position** | **Main age-range focus of IPS** | **Minimum qualification requirement and**<br>ECTS points<br>MQF &EQF level<br>ISCED level |
|---|---|---|---|---|
| *ВОСПИТУВАЧ*<br>**ECEC Teacher**<br><br>Profile: Early Childhood Pedagogy Professional | *Детски градинки*<br>ECEC institutions<br>3 years - 6 years;<br>*Центри за ран детски развој*<br>ECEC institutions<br>3 years - 6 years | Core practitioner with group responsibility | 3 years – 6 years<br><br>3 years – 6 years | Bachelor's degree, 4 years university<br><br>ECTS points: 240<br>MQF/EQF level: 6<br>ISCED 2011: 7 |
| *НЕГУВАТЕЛ*<br>**Caregiver**, Childcare Worker Nurse | *Јасли во детски градинки* Infant/ toddler childcare on ECEC institutions<br>0 years - 3 years<br>*Детски градинки*<br>ECEC institutions<br>3 years - 6 years; | Core practitioner with group responsibility<br><br>Supporting the core practitioner | 0 year – 3 years<br><br>3 years – 6 years | 4 year supper secondary vocational school |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Profile: Social Care/Health Care Professional | *Центри за ран детски развој* ECEC institutions 3 years - 6 years | | | ECTS points: n/a MQF/EQF level: 4 ISCED 2011: 3 |
| *СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ -* **Professional workers**<br><br>*Педагог; Психолог;* **Pedagogue; Psychologist**<br><br>*Логопед; Специјален едукатор и рехабилитатор;* **Speech Therapy Teacher; Special Needs Teacher and Rehabilitator**<br><br>Profile:Pre-primary and Primary EducationProfessional with specialist qualification<br><br>*Социјален работник; Доктор на медицина; Доктор на стоматологија* **Scicial worker; Doctor of Medicine; Doctor in Dentistry**<br><br>Profile: Social Care/Health Care Professional | *Детски градинки* ECEC institutions 0 years - 6 years;<br><br>*Центри за ран детски развој* ECEC institutions 3 years - 6 years | Specialist support staff<br><br>Main responsible person who works with children with speech and other problems<br><br>Person who works with children with social or health problems | Broad focus (children and adults) | Bachelor's degree, 4 years university<br><br>ECTS points: 240 MQF/EQF Level: 6 ISCED 2011: 7<br><br>ECTS points: 240 MQF/EQF Level: 6 ISCED 2011: 7 |
| *СТРУЧЕН СОРАБОТНИК -* **Professional co-workers**<br><br>*Музички педагог; Ликовен педагог; Педагог за физичко воспитување; Професор по странски јазик и книжевност* | *Детски градинки* ECEC institutions 0 year - 6 years<br><br>*Центри за ран детски развој ECEC institutions 3 years - 6 years* | Specialist support staff<br><br>Directly interacts with children two times a week, organising activities and working towards goals in the | 3–15 years | Bachelor's degree 4 years university |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Music Teacher;**<br>**Art Teacher;**<br>**Sports Teacher;**<br>***Teacher of foreign languages***<br><br>Profile:Pre-primary and Primary Education Professional with specialist qualificat. | | educational area of music, atr, sport,far activities | | ECTS points: 240<br>MQF/EQF: Level 6<br>ISCED 2011: 6 |
| *Дипломирана медицинска сестра,*<br>**Medical Nurse**<br><br>Profile**:**<br>Social/Health Care Professional | | Qualified co-worker particularly in health issues | Broad focus (children and adults) | Bachelor's degree<br>3 years university<br><br>ECTS points: 180<br>MQF/EQF: Level 6<br>ISCED 2011: 6 |
| **Job title**<br>On Macedonian<br>On English<br>**Job profile** | **Main ECEC work-place settings and age-range** | **Main position** | **Main age-range focus of IPS** | **Minimum qualification requirement and**<br>ECTS points<br>MQF &EQF level<br>ISCED level |
| ДИРЕКТОР/<br>РАКОВОДИТЕЛ<br>**Director/ Centre Head**<br><br>Profile: Early Childhood Pedagogy Professional or Social/Health Care Professional | *Детски градинки*<br>ECEC institutions<br>0 year - 6 years;<br><br>*Центри за ран детски развој*<br>*ECEC institutions*<br>*3 years - 6 years* | Specialist support staff | Broad focus | Relevant professional qualification (Social Work, Teaching, Child-care Practice) usually with Bachelor's Degree or equivalent<br><br>ECTS points: 240<br>MQF/EQF Level: 6<br>ISCED 2011: 6 |

*Box 1* **SEEPRO professional profile categories for core practitioners** (adapted from Oberhuemer, P., I. Schreyer, and M.J. Neuman 2010)

- *Early Childhood Pedagogy Professional* (specialist focus, 0–6/7 years)
- *Pre-primary Education Professional* (exclusive pre-primary focus 3/4–6 years)
- *Pre-primary and Primary Education Professional* (focus on pre-primary *and* primary education 3/4–10/11 years)
- *Social and Childhood Pedagogy Professional* (mainly broad focus, including ECEC, usually 0–12 years, but sometimes including adults)
- *Social Care/Health Care Professional* (sometimes early childhood focus, sometimes broad focus, including adults)

# 4. Професионални вредности на стручните профили во детските градинки

Професионалните вредности на кои се базираат компетенциите на стручните профили вработени во детските градинки ја дефинираат нивната лична и професионална култура. Тие претставуваат насоки кои ги обврзуваат вработените во детската градинка на секојдневно професионално однесување и делување. Вредностите се манифестираат во нивната секојдневна соработка и комуникација со колегите практичари и со другите вработени, односот кон сите корисници на услугите, како и кон другите засегнати страни во професионалното опкружување. Професионалните вредности се стекнуваат во текот на образованието и се развиваат во секојдневната работа.

Секој вработен во детска градинка својата стручна работа ја заснова врз следниве професионални вредности:

- **Професионален интегритет и посветеност на професијата;**
- **Посветеност кон најдобар интерес на професионалните заедници;**
- **Професионален пристап кој ги вреднува, почитува и прифаќа различностите;**
- **Родителите се рамноправни партнери во раното учење на децата.**

Секој вработен во детска градинка е **посветен на својата професија и го развива својот професионален интегритет**. Во секојдневната работа тој манифестира професионален пристап во соработката со другите практичари, родителите и со пошироката заедница. Во секоја пригода тој ги согледува личните и заедничките професионални потреби за учење и активно учествува во стручното усовршување. Преку својот пример тој поттикнува професионален интегритет во средината и придонесува за мотивација и позитивна клима за работа. Верува дека преку својот професионален и личен интегритет, високи етички вредности и однесување ја промовира својата професија и придонесува за формирање позитивен став на јавноста кон неа.

Секој вработен во детска градинка ја знае вредноста на колегијалната соработка и **посветеност кон најдобар интерес на професионалните заедници**. Верува дека практичарите треба да се развиваат во својата работа, која е во најдобар интерес за секое дете. Заедницата во која работи ја доживува како средина во која треба да се изнајдат сите можни начини и ресурси за личен и колегијален професионален напредок. Секој вработен во детска градинка ја доживува средината како професионална заедница во која користи системи за следење на потребите на вработените и ги користи сите можности за континуиран професионален напредок. Вработените во детска градинка воспоставуваат соработка и со други професионални заедници со цел споделување меѓусебни добри практики и искуства. Исто така, ги користат сите можности на институцијата, достапни платформи, фондови и други алатки преку кои професионалната заедница ќе може постојано да ги надградуваат своите капацитети. Во работата на сопствениот и професионалниот развој на другите профили на практичари во детската градинка настојуваат повеќе да бидат насочени кон визијата за современ воспитно-образовен

процес и учење во 21 век. Се залагаат за постојано унапредување на животот и работата во детската градинка.

**Професионален пристап кој ги вреднува, почитува и прифаќа различностите** значи дека секој вработен во детска градинка е свесен за разликите кои постојат, но ги прифаќа, ги почитува и им дава вредност. Создава услови во кои разликите ќе бидат предност, а не недостаток. Разликите ги гледа како можност за меѓусебно надградување. Професионалните, социо-економските, културните и образовните разлики ги става во функција на збогатување на заедницата во која сите работат со една цел, која е во најдобар интерес на секое дете. За секој вработен во градинка секое дете е единствена и вредна личност, а негова професионална обврска е **посветено да работи во интерес на децата** и во прв план да ги стави нивниот развој, учењето, однесувањето и менталното здравје. Верува дека преку креирање стимулативна средина ќе се обезбеди секое дете да учи и до максимум да го развие и да го покаже својот потенцијал. Верува во важноста на почитувањето на конвенциите и на другите документи за човековите права и правата на децата и за недискриминација, како и принципите на социјална правда и придржувањето до нив, ова го гледа како пат до трансформација на детската градинка во подобро место за детски развој и учење.

Секој вработен во детска градинка верува дека **родителите се рамноправни партнери во раното учење на децата**. Затоа секој вработен во детска градинка гради партнерски релации со родителите. Нив ги доживува како клучни соработници кои имаат своја голема улога во заедничките напори за оптимална нега, грижа, раст, развој и учење на секое дете. Партнерството помеѓу вработените во детска градинка и родителите го поставува на дневна основа, каде што од една страна ги јакне родителските компетенции, а од друга страна родителите имаат отворен пристап, ја следат секојдневната работа, учествуваат со своите капацитети и на тој начин се овозможува континуитет во стимулирање на амбиентот и во семејството.

# 5. Основни професионални компетенции на стручните профили вработени во детски градинки

Во изминативе години, сè почести се дискусиите меѓу креаторите на образовни политики, стручната и научната заедница околу ефикасните стратегии за образование и усовршување на стручните профили вработени во образованието. Водечки европски институции, кои се занимаваат со компетенции и квалификации, истакнуваат дека на предизвиците на современото динамично општество можат да одговорат само висококвалификувани професионалци кои се оспособени за доживотно учење, рефлективен и истражувачки пристап во воспитно-образовната практика. Притоа, **важно е да се обезбеди континуирано усовршување на практичарите во трите области на компетентност**: (1) работа со други луѓе (деца, колеги, родители и други партнери); (2) примена на знаењето, технологијата и информациите и (3) работа во животната средина и околината (на локално, регионално, национално, европско и пошироко глобално ниво).[14]

Во **работата со други луѓе** потребно е практичарите да демонстрираат професионализам кој се базира на вредностите на социјална вклученост кои го негуваат потенцијалот на секое дете, а за тоа е потребно лицето да има знаење за детскиот раст и развој, можност за индивидуална работа со деца, во соработка со други професионалци од различни профили.

Во доменот на **примена на знаењето и технологијата**, образованието и професио-налниот развој на практичарите треба да обезбедат зајакнување на различни пристапи, анализа на квалитет, валидација на знаење, повратна информација, трансфер на знаење и употреба на технологија. Нивните педагошки вештини треба да им овозможат ефикасно управување со околината за учење и развој и соодветно одбирање на формата и содржината на работа. Практичарите треба да ги поддржуваат децата во потрагата по нови знаења со помош на современи технологии, овозможувајќи им да ги разгледаат информациите и да ги интегрираат во личните знаења преку развивање однос кон учењето како доживотен предизвик.

**Работејќи со животната средина и во неа**, практичарите треба да придонесат за развивање подготвеност и одговорност кај децата како европски граѓани, преку промовирање мобилност, соработка, интеркултурно почитување и разбирање при идентификување на заедничките вредности. Исто така, тие треба да бидат свесни за факторите што придонесуваат за социјална кохезија во општеството и да бидат свесни за етичките димензии на општеството базирано на знаење. Неопходно е практичарите да работат со локалната заедница, како и со партнерите и другите чинители во образованието – родителите, институциите за образование на воспитувачи и педагози и репрезентативните

[14] European Commission (2005): *Common European principles for teacher competences and qualifications*. Brussel: European Commission. European Commission (2005a): *The European Qualifications Framework for Lifelong Learning*, Brussel: European Qualifications Framework, European Commission.

групи. Нивното искуство и експертиза треба да им овозможат да придонесат за развој на систем за квалитет.

**Практичарите во предучилишното воспитание и образование** треба да стекнат компетентност во горенаведените области преку развивање општи или генерички компетенции, како и во рамките на потесните професионални знаења и вештини, специфични за секоја професија или област, т.н. посебни надлежности. Меѓу генеричките компетенции се вбројуваат следниве:

- **познавање на карактеристиките и развојните потреби на децата;**
- **вештини за управување со групите;**
- **способност за следење и оценување на процесите на развој и учење;**
- **познавање на содржината на тековните програми и процеси на програмирање на воспитно-образовната работа;**
- **способност за тимска работа и соработка со различни целни групи во рамките на предучилишната институција и надвор од неа;**
- **способност за истражувачки однос и рефлективен пристап кон практиката и сопствената работа;**
- **развиена сензибилност за социјалната и културната димензија на образованието.**

Сите овие наведени препораки за развој на компетентност кај практичарите вработени во предучилишното воспитание, образование и грижа се интегрирани во воспитно-образовната практика на разни начини. Како што покажа и анализата на националните документи од оваа област во 15 европски земји (Белгија, Англија, Франција, Грција, Ирска, Италија, Литванија, Германија, Холандија, Хрватска, Полска, Романија, Словенија, Шпанија, Шведска), „различните профили и нивната надлежност во разни национални контексти низ земјите е речиси невозможно да се споредат“.[15] Сепак, идентификувани се пошироки области на компетенции кои се однесуваат на подготвеноста на практичарите да работат со деца и родители, колеги и поширокиот образовен и социјален систем и со оние што се поврзани со личниот професионален развој. Нагласено е дека дефинирањето широки области кои вклучуваат знаење, вештини и вредности се од особена корист и дека е **важно компетенциите да бидат резултат на заеднички разговори на практичари од разни профили со експерти и креатори на политики**.

## 5. 1. Структура на основните професионални компетенции на стручните профили вработени во детски градинки

Професионалните компетенции на стручните профили вработени во детските градинки во нашата земја се класифицирани во шест клучни подрачја.[16] Професионалните знаења и

[15] Van Laere, K., Vandenbroeck, M. & J. Peeters (2011): Competence survey, *CoRe: Competence requirements in Early Childhood Education and Care - Research documents*.

[16] Претставените подрачја на компетентност се резултат на анализа во која, покрај Европските препораки и искуства, вклучени се и сите национални документи кои се изработени за стручните профили (воспитувачи, стручни соработници, наставници, итн.) вработени во воспитно-образованиот систем на Република Северна Македонија.

разбирања, како и професионалните способности и вештини се разработени во рамките на секое потподрачје од определените подрачја. Вакviот пристап овозможува прецизно дефинирање на одделните подрачја кои се дел од значајни области на работа на стручните профили вработени во детските градинки. Тие имаат за цел да ги прикажат компетенциите преку знаења, разбирања, способности и вештини коишто стручните профили треба да ги поседуваат за успешно остварување на својата професионална должност и обврска. Структурната поставеност на компетенциите и поставувањето на подрачјата и потподрачјата со нивната содржина се базира на анализа на постојната законска регулатива, националните документи, анализа на релевантна научна литература од земјата и од странство, како и препораките на Европската комисија. Пристапот дава можност за проширување и развивање на постојната улога и функција на стручните профили вработени во детските градинки, надополнети со јасно дефинирање на нивните професионални компетенции.

Табела 4: Структура на основните професионални компетенции на стручните профили во детските градинки

| ПОДРАЧЈА И ПОТПОДРАЧЈА КОМПЕТЕНЦИИ | | Категорија[17] - СТРУЧНИ ПРОФИЛИ ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Категорија А **ДИРЕКТОРИ/ РАКОВОДИТЕЛИ** | Категорија Б **СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ** | Категорија В **ВОСПИТУВАЧИ[18]** | Категорија Г **СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ** | Категорија Д **НЕГУВАТЕЛИ** |
| ДЕТСКИ РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ | Потподрачја | Детски развој и учење | Работа со деца: Поддршка на рано учење и развој на деца | Рано учење и развој на детето | Знаење за предучилишното образование и рано учење и развој | Рана грижа и развој на детето |
| СРЕДИНА | Потподрачја | Професионални заедници за учење | Здрава и безбедна средина за учење и развој | Здрава и безбедна средина за учење и развој | Здрава и безбедна средина за учење и развој | Нега и практика |
| | | Социо-културна и инклузивна средина | Социо-културна и инклузивна средина | Стимулативна средина за поддршка на учењето и развојот | Социо-културна и инклузивна средина | Средина базирана на докази |
| | | | | Инклузивна средина и пристап за учење | | |

[17] МТСП (2019). Закон за заштита на деца, *Службен весник на Република Македонија* 146/2019.

[18] Creating competencies for kindergarten teachers British Embassy funded project, implemented by UNICEF Office –Skopje and Ministry of Labour and Social Policy, 2018.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОРГАНИАЦИЈА И КЛИМА | Потподрачја | Управување и организација | Организација и клима | Структура и организација на детската градинка | Стимулативна средина за учење | Организација и клима |
| | | Лидерство | Заедници за учење и рефлективна практика | Клима за поддршка на демократско учество | Организација и клима | |
| | | Менаџирање | | | | |
| ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС | Потподрачја | Градење релации | Поддршка на практичари за планирање, следење и евалуација | Холистички пристап и интегрирано планирање | Стратегии за рано учење и поучување | Следење и вреднување на грижата и негата на детето |
| | | Образовна политика | Аналитичко-истражувачка работа | Стратегии за рано учење, поучување и развој | Планирање, следење и евалуација | Унапредување на негата, грижата и развојот на детето |
| | | | | | Аналитичко-истражувачка работа | |
| СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА | Потподрачја | Партнерство со родителите, семејствата и заедницата | Едукациска и советодавна поддршка на родителите и семејството | Семејни карактеристики и влијанија | Соработка со семејството | Комуникација, соработка и партнерство со родителите и семејството |
| | Потподрачја | Разрешување проблеми и градење стратегии за соработка | Вклучување на родителите и семејството во градинката | Комуникација, соработка и вклучување на родителите и семејството | Соработка со заедницата | Соработка со заедницата |
| | | | Соработка со стручните институции и организации | Едукациска и советодавна поддршка на родителите и семејството | | |
| | | | Соработка со заедницата | Односи со заедницата | | |
| ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ | Потподрачја | Професионален развој | Личен и професионален развој | Личен и професионален развој | Личен и професионален развој | Етички принципи и професионален пристап |
| | | Рефлективна практика | Професионална соработка | Професионална етика и соработка | Професионална соработка | Рефлективна практика |

Стручните профили кои се вклучени во категориите Б (стручни работници) и Г (стручни соработници) преку тимска работа ги поддржуваат сите други учесници во воспитно-

образовниот процес, но во прв план е градењето и спроведувањето развојни и превентивни стратегии во функција на учењето и развојот на децата. Имајќи ја предвид нивната основна улога – градење и спроведување развојни и превентивни стратегии во функција на учењето и развојот на деца од рана и предучилишна возраст – сите стручни работници и соработници имаат значителен дел на **заеднички компетенции**. Кај различните профили на стручни работници и соработници тие не се идентични. При работа во соодветни ситуации во градинките, стручните работници и соработници ќе користат различни методички пристапи од сопствената професија, секој од свој аспект, согласно со спецификите на својата квалификација.

# 6. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ
## за стручен профил во детските градинки

### Категорија А – **ДИРЕКТОРИ**

Клучни подрачја на основните професионални компетенции на директорите/раководителите во детски градинки се:

1. Подрачје: **Детски развој и учење**
2. Подрачје: **Средина**
3. Подрачје: **Организација и клима**
4. Подрачје: **Воспитно-образовен процес**
5. Подрачје: **Соработка со семејството и заедницата**
6. Подрачје: **Професионален развој**

## Подрачје: ДЕТСКИ РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ

| *Потподрачје:* **Детски развој и учење** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира современите пристапи кои се однесуваат на раниот детски развој и учење | Умее да ги препознае современите пристапи за раниот детски развој и учење |
| Ги знае и ги разбира основните теории за развој на децата | Умее да го применува знаењето од теориите за детскиот развој во својата секојдневна соработка со колегите |
| Ги познава основните развојни карактеристики кај децата од разни возрасни групи (0-6 м., 6-18 м., 18-24 м., 24-36 м. итн...) | Ги препознава разликите во развојот кај децата кои бараат посебно внимание во текот на активностите за рано учење |
| Има знаење од националните документи Стандарди за рано учење и развој и Програма за рано учење и развој | Во својата работа умее да го применува знаењето за националните документи: Програма за рано учење и развој и Стандарди за рано учење и развој |

## Подрачје: СРЕДИНА

| *Потподрачје*: **Професионални заедници за учење** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да гради можности за ефективна поддршка на колегите преку градење доверба | Вешто гради доверба и ефективна поддршка со своите колеги |
| Знае да гради свест за важноста на доживотното учење | Способен е да ја гради свеста во колективот за важноста на доживотното учење |
| Ја разбира корисноста од технологијата за да споделува визии и да соработува со колегите | Умее да користи технологија за споделување визии и соработка со колегите |
| Знае да ја унапредува визијата и работата на професионалните заедници за учење | Поседува способност за континуирано унапредување на работата на профеcио-налните заедници за учење |
| Умее да ги охрабрува другите колеги да учествуваат во работата на професионалната заедница за учење | Охрабрува и поттикнува на работа и соработка со професионалната заедница за учење |
| *Потподрачје*: **Социо-културна и инклузивна средина** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира, ги цени и ги почитува разликите помеѓу вработените | Има способност да ги разбере, да ги цени и да ги почитува разликите помеѓу вработените |
| Знае да го вреднува и да го цени вклучувањето на другите културни групи во работата | Умее да ја вреднува и да ја цени вклученоста на другите културни групи во работата |
| Знае да развива и да пренесува моќни пораки за културата, климата и средината | Ги мотивира вработените со личниот пример на пренесување моќни пораки за културата, климата и средината |

## Подрачје: ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА

| *Потподрачје*: **Управување и организација** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го разбира значењето на пренесените пораки кои се создадени со мисла и грижа и кои инспирираат и упатуваат на ангажман | Грижливо и вешто пренесува пораки кои инспирираат и упатуваат на ангажман |
| Знае да се вклучи во колегијална дискусија базирана на искуство со цел истражување на најсоодветната практика | Способен е да учествува во дискусија во која се разгледува најсоодветната практика базирана на искуство |
| Ги познава стратегиите за споделување нови идеи со колегите, базирани на истражувачки анализи од професионални извори | Умее вешто да анализира професионални извори и потоа да споделува нови идеи со колегите |
| *Потподрачје*: **Лидерство** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае успешно да ги остварува лидерските можности во рамките на институцијата и надвор од неа | Развива и имплементира стратегии со кои ги остварува лидерските можности во рамките на институцијата и надвор од неа |
| Го разбира вложувањето во развој и јакнењето свој личен стил на лидерство | Развива способности и вештини кои го градат и јакнат неговиот личен стил на лидерство |
| Знае да прифати и да поддржи улога на лидерство на воспитувачите/практичарите | Применува пристап на работа на споделено лидерство со своите колеги |
| Го знае концептот на градење врски базирани на конструктивна критика | Конструктивните критики ги препознава и ги користи за унапредување на својата работа |
| Го разбира и применува амбиентот на лидерство преку споделена визија и промовира иницијатива базирана на детските потреби | Развива стратегии на делување преку споделена визија и иницијативи базирани на детските потреби |
| Знае да ги согледа различните потреби на возрасните кои учат додека работат во нивната област | Вешто ја набљудува работата на своите колеги и ги идентификува нивните професионални потреби |
| *Потподрачје*: **Менаџирање** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да даде пример за тоа како соработката може да го унапреди воспитно-образовниот процес | Развива способност и вештина за личен пример на соработка |
| Искажува соработка за политики и иницијативи кои влијаат на воспитно-образовниот процес | Иницира и учествува во соработки за политики и иницијативи кои влијаат на воспитно-образовниот процес |

## Подрачје: ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

| *Потподрачје*: **Градење релации** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да пронајде различни можности почитувајќи ги различните размислувања и стилови на другите | Вешто и внимателно ги слуша различните размислувања и стилови на другите и има способност да ги претвори во можности |
| Знае да употребува соодветни технолошки методи и да гради мрежа со засегнатите страни | Се вмрежува со засегнатите страни преку соодветни технолошки методи |
| Ја знае и разбира потребата од истражување на технолошката иновативност за градење релации и капацитети | Гради релации и капацитети преку разновидни иновативни технологии |
| Знае да промовира колегијална средина на доверба и почит | Применува доверба и почит и промовира колегијална средина |
| Знае како да гради консензус и меѓуврснички капацитети за прашања поврзани со растот, развојот и учењето на децата | Способен е да изгради консензус и да ги јакне меѓуврсничките капацитети за подобар раст, развој и учење на децата |

| *Потподрачје*: **Образовна политика** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае како да ја имплементира мандатната образовна политика | Покажува способност да ја спроведува образовната политика |
| Има познавања за тоа како да го употребува професионалното искуство за да одговори позитивно на задолжителната/постојната образовна политика | Вешто и професионално го користи искуството во спроведувањето на задолжителната /постојната образовна политика |
| Знае да ги слушне идеите на другите засегнати страни за да ја процени постојната и предложената образовна политика која има влијание врз децата, воспитувачите, занималните, градинката, родителите и заедницата | Манифестира способност и вештини за активно слушање и процена на идеите и предлозите на сите засегнати страни |
| Ја препознава промоцијата на позитивни промени во постојните образовни политики | Иницира идеи за позитивни промени во постојните образовни политики |
| Ја разбира важноста од предлагање добри практики за новите образовни политики | Вешто ги следи и предлага добри практики за потребите на новите образовни политики |
| Ги знае можностите за професионално поврзување со засегнатите страни | Покажува способност за професионално вмрежување со засегнатите страни |

## Подрачје: СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

| *Потподрачје*: **Партнерство со родителите, семејствата и заедницата** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го знае и го разбира влијанието на родителите, семејството и заедницата врз развојот и учењето на децата | Умее да воспостави партнерски односи за заедничко влијание со родителите, семејството и заедницата врз развојот и учењето на децата |
| Ја разбира потребата за поддршка на родителите и семејствата | Знае и умее да создаде услови за поддршка на родителите и семејствата од страна на детската градинка |
| Ја препознава важноста од креирање и реализирање родителски програми | Ги поддржува и стимулира стручните лица во детската градинка да реализираат родителски програми кои се базираат на реалните потреби на родителите и децата |
| Изнаоѓа разни начини и пристапи за градење партнерски однос со заедницата | Се труди да ги изнајде сите механизми и можности за соработка со заедницата |

| *Потподрачје*: **Разрешување проблеми и градење стратегии за соработка** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да ги препознае проблемите и трага кон изнаоѓање најсоодветно решение | Има способност да гледа на проблемите како на можности за нови решенија |
| Ја разбира тежината на динамиката на одржување на групата | Има вештини да ја одржува групната динамика |
| Знае да прави стратешки развоен план кој се базира на податоци и рефлективна анализа | Способен е да анализира и толкува релевантни податоци врз кои ќе го гради стратешкиот развоен план |
| Знае да искаже длабоко разбирање за културните, образовните и политичките прашања кои се однесуваат на детските потреби | Вешто ги толкува културните, образовните и политичките прашања кои се однесуваат на детските потреби |
| Знае да креира стратешки план и да ангажира различни групи за да ги согледаат потребите на децата | Умее да управува со разновидни групи со кои заедно ќе ги согледаат потребите на децата и ќе креираат стратешки план |

## Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| *Потподрачје*: **Професионален развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги следи и е запознаен со сите новини поврзани со Законската регулатива за дејноста | Вешто ги применува во практиката сите новини поврзани со Законската регулатива за дејноста |
| Знае да ја манифестира етичката практика преку развој на доверба и кредибилитет со колегите | Вешто гради доверба и кредибилитет со колегите како дел од етичката практика |
| Активно учествува во разновидни можности за учење надвор од секојдневниот контекст за достигнување повисоки професионални цели | Посетува разновидни можности за професионално учење во рамките на институцијата и надвор од неа |
| Активно следи професионални настани кои придонесуваат за развој и промена | Учествува во професионални настани во функција на развој и промена |
| Знае да поттикнува развој на колегите и ги вреднува нивните вештини и способности | Ги поттикнува колегите на развој на нивните вештини и способности |
| Знае како да ја користи информативната комуникациска технологија во својата секојдневна работа, во соработка со колегите и за професионален развој | Вешто ја користи информативната комуникациона технологија во својата секојдневна работа, во соработка со колегите и за професионален развој |
| Поседува знаење за етичките вредности и стандарди во својата професија | Демонстрира свест за почитување на етичкиот кодекс на предучилишната установа и континуирано ги развива своите вештини и способности за примена на етичките вредности и стандарди во својата секојдневна работа |
| *Потподрачје:* **Рефлективна практика** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да креира стимулативни услови за рефлексија помеѓу колегите и администрацијата | Создава услови и ги поттикнува колегите на саморефлексија |
| Умее да даде повратен одговор или рефлексија за развојот, улогата и одговорноста на практичарот, кој води кон промени | Вешто дава повратен одговор на секој колега кој се движи кон промени |
| Знае да ги поттикнува колегите да носат сопствени професионални одлуки преку одговори на соодветни прашања и поттикнување саморефлексија | Со својот пример ги поттикнува колегите да носат сопствени професионални одлуки |

# 7. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручни профили вработени во детските градинки

## Категорија Б – **СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ**

- Педагог;
- Психолог;
- Социјален работник;
- Логопед;
- Дефектолог;
- Специјален едукатор и рехабилитатор;
- Доктор по медицина;
- Доктор по стоматологија.

Клучни подрачја на основните професионални компетенции на стручните работници вработени во детски градинки се:

1. Подрачје: **Работа со деца**
2. Подрачје: **Работа со воспитувачи и негуватели**
3. Подрачје: **Работа со родители**
4. Подрачје: **Соработка со заедницата**
5. Подрачје: **Професионален развој и професионална соработка**
6. Подрачје: **Аналитичко-истражувачка работа**
7. Подрачје: **Организација, клима и безбедна средина**

## 7.1 ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ

### Подрачје: РАБОТА СО ДЕЦА

| *Потподрачје*: **Поддршка на рано учење и развој на деца** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира процесите на социјалниот и на емоционалниот развој и нивната поврзаност со однесувањето и комуникацијата кај децата | Поттикнува и развива самодоверба и самопочитување кај децата преку комуникација заснована на почит, внимание и позитивни вредности, ставови и однесувања |
| Ги разбира предизвиците во комуникацијата и соработката со деца со различни искуства | Комуницира со деца на начин кој обезбедува поддршка и доверба, во индивидуалната и групната работа |
| Ги разбира концептите за когнитивниот развој, учењето и нивната поврзаност со поучувањето | Ја проценува подготвеноста на децата од различни возрасни групи за вклучување во колектив и напредување во учењето |
| Ги разбира индивидуалните разлики во учењето кај децата и познава соодветни стратегии за учење и поддршка на децата во учењето | Сензибилен е за различните образовни потреби на децата, умее да ги идентификува и да обезбедува соодветна поддршка |
| Ги знае факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на децата од различни возрасни групи | Кај децата гради високи лични очекувања и позитивен став кон учењето и ги идентификува факторите кои може да доведат до неуспех |
| Познава методи и техники за работа со децата од различни возрасни и културни групи и успешно организира поддршка за учење | Користи разни пристапи во помагањето на децата од различни возрасни групи во учењето, усогласени со нивните потреби |
| Познава разни концепти и модели за развој на инклузивното образование | Избира соодветни приоди за инклузија на секое дете |
| Има познавање за подготовка на стимулативни средства и користење асистивна технологија при работата со деца со посебни образовни потреби | Промовира користење разни стимулативни средства и асистивна технологија од страна на децата |
| Познава разни концепти и модели за организирана поддршка на талентирани деца | Користи разни пристапи за поддршка на талентирани деца, согласно со нивните специфични потреби |

## Подрачје: РАБОТА СО ВОСПИТУВАЧИ И НЕГУВАТЕЛИ

| *Потподрачје:* **Поддршка на воспитувачите и негувателите во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Познава програмски документи и стандарди за предучилишно воспитание, образование и грижа | Им дава стручна поддршка на практичарите во разбирањето и примената на програмските и концепциските документи |
| Ги познава индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди на децата од рана и предучилишна возраст | Кај практичарите поттикнува високи очекувања за развојот и постигнувањата на децата од сите возрасти |
| Разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето на децата од рана и предучилишна возраст | Промовира создавање и одржување отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност кај децата |
| Знае дека примарна цел на следењето и оценувањето е унапредување на постигнувањата на децата | Им дава насоки на практичарите за тоа како резултатите од следењето и оценувањето да ги користат за подобрување на квалитетот во воспитно-образовниот процес |
| Го познава етичкиот кодекс во следењето и (само)оценувањето | Ги применува принципите на етичкиот кодекс во следењето и оценувањето |
| Ги познава потенцијалите на различните извори на знаења | Им дава стручна поддршка на практичарите за користење различни извори на знаења |
| Ги познава проектите на национално ниво за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | Дава поддршка во спроведувањето проектни активности со кои се подобрува квалитетот на воспитно-образовниот процес |
| *Потподрачје*: **Поддршка на воспитувачите и негувателите во работата со деца** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го разбира влијанието на социјалните и културните фактори врз образованието, како и придонесот на образованието за социјална кохезија | Промовира почитување на разликите и демократските вредности преку почитување на личноста на секое дете и идентификување и развивање на неговите силни страни |
| Знае за важноста на приспособувањето на воспитно-образовниот процес на карактеристиките на децата | Им дава поддршка на воспитувачите и негувателите за индивидуализација во организирањето разни активности |
| Ги знае принципите на добрата комуникација меѓу децата и возрасните и меѓу децата на различна возраст меѓусебно | Им дава стручна поддршка на воспитувачите и негувателите за воспоставување добра комуникација меѓу децата и возрасните, како и на децата меѓусебно |
| Знае за можните проблеми во однесувањето со деца и начините за нивно разрешување | Им дава помош на воспитувачите и негувателите при справување и разрешување на проблемите во однесувањето на децата |

| *Потподрачје*: **Поддршка на воспитувачите и негувателите за работа со родителите** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае за важноста на соработката меѓу воспитувачите/негувателите и родителите | Промовира култура на соработка меѓу воспитувачите/негувателите и родителите |
| Знае разни методи за квалитетна соработка меѓу воспитувачите/негувателите и родителите | Им помага на воспитувачите и негувателите во изборот на соодветни методи и содржини за соработка со родителите |

## Подрачје: РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ

| *Потподрачје*: **Индивидуални и групни советувања и консултации со родителите** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Разбира како семејството влијае врз когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата | Ги идентификува потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на децата и им дава соодветна поддршка на родителите |
| Поседува знаења за комуникација со родителите и знае разни пристапи и начини за поддршка на семејството | Реализира индивидуални и групни консултации за поддршка на родителите и ги информира за услугите што ги нудат градинката и стручните работници |
| *Потподрачје*: **Едукација на родители** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава карактеристиките на учењето на возрасните и методите и формите за едукација на возрасни | Знаењата од својата стручна област на соодветен начин им ги презентира на родителите |
| Ја разбира потребата од јакнење на родителските компетенции за поуспешен развој и напредок на нивните деца | Им помага на родителите да развијат вештини за поттикнување поквалитетен развој и учење кај своето дете |
| *Потподрачје*: **Вклучување на родителите во животот и работата на градинката** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае разни начини за соработка со семејството и можности за учество на родителите во разни подрачја и активности во детската градинка | Ги мотивира родителите да се вклучат во активностите на градинката и промовира доверба и разбирање за градење партнерство со семејствата во детската градинката |

## Подрачје: СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

| *Потподрачје*: **Соработка со заедницата** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Познава начини за соработка со заедницата и можности за нејзино учество во животот во детската градинка | Промовира соработка со локалната заедница и изнаоѓа разни механизми и можности за соработка |
| Ги знае потенцијалите на локалната заедница кои може да поттикнуваат и поддржуваат разни процеси во детската градинка | Придонесува за вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на детската градинка |
| *Потподрачје*: **Соработка со стручните институции и организации** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае за дејностите на институциите значајни за работата во детската градинка | Идентификува релевантни институции за соработка во одделни подрачја |
| Ја разбира важноста на соработката со разни стручни институции и организации во локалната заедница и во регионот | Развива и користи соодветни начини за соработка со стручните институции базирани на професионалност, доверба и почит |
| Информиран е за актуелни програми за деца што ги реализира невладиниот сектор | Идентификува и предлага подрачја за заедничка соработка со здруженија во заедницата |

## Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| *Потподрачје*: **Личен и професионален развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја сфаќа комплексноста на професијата стручен работник, како и правата и одговорностите што таа ги носи | Стекнатите знаења преку стручно усовршување ги користи за унапредување на сопствената практика |
| Ги познава компетенциите и стандардите за стручните работници и ја сфаќа важноста на личниот професионален развој | Идентификува потреби за личен професионален развој користејќи стандарди и резултати од саморефлексија на сопствената работа |
| Познава ефективни начини и можности за личен и професионален развој | Подготвува личен план за професионален развој |
| Информиран е за професионалните здруженија во градинката и надвор од неа | Соработува со стручните работници и со професионалните здруженија во градинката и надвор од неа |
| Го познава етичкиот кодекс на професијата | Применува етичкиот кодекс на професијата |
| Знае како да ја користи информациско- комуникациската технологија во својата секојдневна работа, соработката со колегите и за професионален развој | Вешто ја користи информациско- комуникациската технологија во својата секојдневна работа, соработката со колегитеи за професионален развој |

| *Потподрачје:* **Професионална соработка** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира важноста на професионалниот развој за сите вработени во градинката за подобрување на воспитно-образовниот процес | Активно промовира колегијални односи и придонесува за професионалниот развој на сите профили на практичари во детската градинка |
| Информиран е за стручните настани во образованието и ги информира колегите и другите практичари во градинката | Ги мотивира практичарите да се усовршуваат професионално и создава поттикнувачка средина во која сите учат |
| Ги познава методите и формите на стручно усовршување и професионален развој | Препорачува разни форми на едукација на стручниот кадар вработен во детската градинка |
| Знае како се планира професионалниот развој на воспитувачите и негувателите | Го планира професионалниот развој врз основа на испитување на потребите на вработените во градинката |
| Знае да гради можности за ефективна поддршка на колегите преку градење доверба | Вешто гради доверба и ефективна поддршка со своите колеги |

## Подрачје: АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

| *Потподрачје*: **Анализа и процена на воспитно-образовната работа** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае каква документација се води за воспитно-образовната работа во детската градинка | Придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно- образовни и воспитно-згрижувачки прашања во градинката |
| Ја познава методологијата за анализа на документацијата | Поврзува, обработува и анализира разни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите |
| Ги знае начините за интерпретација и известување за резултатите од анализата | Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес |
| *Потподрачје*: **Истражување на воспитно-образовната работа** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Има основни познавања од методологијата на истражувањата и основите на дескрип-тивната статистика | Се залага унапредувањето на воспитно-образовната работа да се базира врз истражувања и факти |
| Познава разни техники за прибирање информации за воспитно-образовната практика | Спроведува истражувања за прашања актуелни за детската градинка и ги користи резултатите во сопствената практика |

| | |
|---|---|
| Ги познава методите за квантитативна и квалитативна анализа на податоците и знае да ги толкува | Анализира податоци од квантитативни и квалитативни истражувања и користи програми за статистичка обработка на податоци |
| Ги познава постапките за спроведување акциско истражување во воспитно - образовниот процес | Спроведува акциски истражувања за подобрување на воспитно-образовниот процес |
| Ја познава методологијата за анализа на документацијата и начините на толкување и известување за резултатите од анализата | Поврзува, обработува и анализира разни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите |

**Подрачје: ОРГАНИЗАЦИЈА, КЛИМА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА**

| *Потподрачје*: **Структура и организација на детската градинка** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го познава системот на предучилишното воспитание, образование и грижа и ги разбира современите тенденции во организацијата на работата во градинката | Се раководи според принципите на предучилишното воспитание, образование и грижа и предлага мерки за унапредување на работата во градинката |
| Го знае и разбира функционирањето на различните сегменти во градинката | Умее да ги промовира приоритетите на организација во детската градинка за да го унапреди нејзиното функционирање |
| Ги познава документите со кои се регулира работата во детската градинка | Промовира систематичност и професио-нална одговорност за работата во градинката |
| *Потподрачје:* **Клима за поддршка на демократско учество** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја знае важноста на вклученоста на сите деца и нивните семејства во предучилишното воспитание, образование и грижа | Промовира вредности на инклузивна култура и практика и придонесува за инклузивната клима во градинката |
| Ги знае, разбира и ги почитува конвенциите за правата на децата и за антидискриминација | Промовира вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување |
| Ги познава принципите за создавање позитивна клима и инклузивна култура во детската градинка и знае за опасностите од дискриминација врз сите основи | Поттикнува соработка и позитивна клима во градинката и развива чувство за припадност, прифаќање и заемно почитување |
| Знае за важноста на учеството на другите културни групи во донесувањето одлуки од интерес за животот во градинката | Поттикнува ангажман на различни културни групи во донесувањето одлуки од интерес за животот во градинката |
| *Потподрачје:* **Здрава и безбедна средина за учење и развој** | |

| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
|---|---|
| Ги познава и почитува политиките и практиките за здрава и безбедна средина во детската градинка | Промовира вредности и примена на постапки во врска со здравјето и безбедноста во затворениот и надворешниот простор во градинката |
| Знае за можните закани по физичката и психичката безбедност на децата | Ги идентификува можните закани по безбедноста во детската градинка |
| Ја препознава важноста на рутините при нега, исхрана, физичка активност и одмор за здравјето и развојот на децата | Учествува во подготовка на средина која ги поддржува и развива секојдневните рутини за нега и грижа за децата како основа за учење и развој |

# 8. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки

## Категорија В – **ВОСПИТУВАЧИ**

Клучни подрачја на основните професионални компетенции на воспитувачите вработени во детски градинки се:

1. Подрачје: **Детски развој и учење**
2. Подрачје: **Средина**
3. Подрачје: **Организација и клима**
4. Подрачје: **Воспитно-образовен процес**
5. Подрачје: **Соработка со семејството и заедницата**
6. Подрачје: **Професионален развој**

## Подрачје: ДЕТСКИ РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ

| *Потподрачје:* **Рано учење и развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги знае развојните карактеристики на децата | Ги препознава развојните особини и карактеристики на децата од рана и предучилишна возраст |
| Ги знае и разбира современите теории за рано учење, развој на мозокот и севкупен развој на децата | Го приспособува пристапот кон децата според специфичностите во развојот и учењето на детето |
| Ги знае и разбира теориите за рано учење и развој на детето | Избира стратегии за рано учење и развој соодветни на целите и контекстот што водат до самоприфаќање, изразување, комуникација и прифаќање на различностите |
| Ги знае различните процеси на учење и стекнување искуства кај децата | Применува теоретски концепти и принципи во индивидуалните пристапи во процесот на учење и подучување на децата |
| Ја разбира улогата на играта во поттикнувањето на холистичкиот развој | Иницира и поттикнува игра и други активности за изразување комуникација и прифаќање на разликите меѓу децата и меѓу децата и возрасните |

## Подрачје: СРЕДИНА

| *Потподрачје*: **Здрава и сигурна средина за учење и развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира важноста од создавање здрава и безбедна средина, особено градење позитивна емоционална клима која им помага на децата да ги надминат негативните искуства и да ги задоволат нивните посебни потреби за учење | Создава здрава и безбедна средина, особено градејќи позитивна емоционална клима која им помага на децата да ги надминат негативните искуства и да ги задоволат нивните посебни потреби за учење |
| Ги знае протоколите и процедурите за справување со кризни ситуации во градинка | Ги препознава потенцијалните знаци на кризна ситуација и има способност да комуницира јасно и ефективно во кризна ситуација |
| Ги познава стандардите и методите за создавање здрава и безбедна средина | Користи методи и алатки засновани на научни докази за создавање здрава и безбедна средина |
| Ја разбира важноста од стекнување когнитивни, емоционални и физички здрави навики кај децата | Користи методи и алатки засновани на научни докази за поттикнување когнитивни, емоционални и физички здрави навики кај децата |
| *Потподрачје*: **Стимулативна средина за поддршка на развојот и учењето** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |

| | |
|---|---|
| Знае и разбира како околината влијае на целокупниот развој и учење на детето (холистички пристап) | Создава стимулативна просторно-материјална и социјална средина заснована врз следење на детето, на неговите интереси и потреби |
| Ја разбира околината (просторно-материјална и социјална) како ресурс за игра, учење, изразување и создавање | Избира и создава стимулативен ресурс за игра, учење, изразување и создавање |
| Знае дека детето е ко-креатор на сопствениот развој и сопственото учење | Го поддржува вклучувањето на секое дете во ко-конструкцијата на околината |
| Ја разбира важноста на флексибилноста како важна димензија на временската средина | Создава средина каде што децата имаат доволно време да учат според нивните потреби, интереси и способности |
| Ја разбира важноста на креативните активности за развојот и учењето на децата | Создава стимулативна креативна средина |
| *Потподрачје*: **Инклузивна средина и пристапи за учење** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира и ја вреднува културната различност | Ги применува концептите на интер-културалност |
| Ги разбира принципите, практиките и законите за инклузивно образование кои го поддржуваат вклучувањето на сите деца во однос на нивните попречености или посебни потреби | Го поттикнува воспоставувањето заеднички вредности, верувања и начини на однесување и служи како пример |
| Ја сфаќа потребата да се избегнуваат стереотипите и предрасудите | Користи јазик и активности за активно избегнување, обесхрабрување и когнитивно преформулирање на стереотипите и предрасудите |

**Подрачје: ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА**

| *Потподрачје*: **Структура и организација на детската градинка** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава законските прописи од областа на раното детско образование | Постапува по законските прописи од областа на раното детско образование |
| Ги разбира принципите на планирање и вреднување на програмата на воспитно-образовната група | Ја планира и оценува програмата на воспитно-образовната група |
| Ги знае димензиите на квалитетот на градинката | Активно придонесува за квалитетот на градинката |
| Ги знае карактеристиките на тимската работа | Ги споделува одговорностите, ресурсите и експертизата за да постигне најдобри можни резултати |
| Ги знае задачите и одговорностите на вработените во градинката | Соработува со целиот персонал за да се обезбеди благосостојба на децата, семејствата и заедницата |

| *Потподрачје*: **Атмосфера за поддршка на демократско учество** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Запознаен е со Конвенцијата за правата на детето и ги разбира нејзините принципи | Ги почитува правата на децата и ја организира работата во согласност со нив |
| Ги разбира стратегиите кои промовираат демократско учество | Организира средина која обезбедува учење што ги поттикнува децата активно да се вклучат во одлучувањето |
| Ги разбира педагошките пристапи кои промовираат демократско учество | Ги олеснува дискусиите, го поттикнува критичкото размислување и создава можности за вклучување на децата во процесите на донесување одлуки |

**Подрачје: ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**

| *Потподрачје*: **Холистички пристап и интегрирано планирање** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава принципите и пристапите насочени кон детето во образованието во раното детство | Ги применува принципите и пристапите насочени кон детето во секојдневната работа |
| Ја разбира програмата за рано учење и развој, како и програмата на градинката и програмата на воспитно-образовната група | Развива програма за воспитно-образовната група, која промовира холистички пристап |
| Препознава дека знаењето и вештините од реалниот свет се меѓусебно поврзани | Обезбедува можности за интегрирање разни подрачја и дисциплини во средината за учење |
| Познава разни техники на набљудување за нивно користење за планирање | Ги набљудува децата и контекстот во она што го учат за да планира идни активности |
| Познава разни техники на документирање на воспитно-образовниот процес | Користи разни техники за документирање на воспитно-образовниот процес |
| Познава разни истражувачки техники за подобрување на воспитно-образовната практика | Користи разни истражувачки техники за подобрување на воспитно-образовната практика |
| *Потподрачје*: **Стратегии за рано учење и развој** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира стратегиите за учење кои одговараат на индивидуалните когнитивни, социјални, емоционални и физички способности на децата | Обезбедува можности и ги поттикнува децата да користат разни стратегии за учење |
| Ги разликува методите за различните потреби на децата во воспитно-образовната група, вклучувајќи ги и оние со различни способности, стилови на учење и потекло | Применува разни методи за да ги задоволи различните потреби на децата во воспитно-образовната група, вклучувајќи ги и оние со различни способности, стилови на учење и потекло |

| | |
|---|---|
| Ги знае стратегиите за поттикнување на социјалната и емоционалната компетентност кај малите деца | Поттикнува развој на социјални вештини, емоционална регулација, емпатија и разрешување конфликти кај малите деца преку намерни активности и интеракции |
| Ги знае стратегиите за промовирање на раните вештини за описменување, вклучително и фонемска свест, развој на вокабулар и раскажување приказни | Создава средина богати со јазици |
| Ги знае практичните пристапи за воведување основни математички концепти, просторно расудување и основни принципи на науката, технологијата, инженерството и математиката (STEM) | Создава средина богата со STEM |
| Ги познава технолошките алатки соодветни на возраста и знае како да се интегрираат во процесот на учење за да се подобрат ангажираноста и развојот на вештините | Обезбедува можности за користење технологија соодветна на возраста и умешно ја интегрира во процесот на учење |

## Подрачје: СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

| *Потподрачје*: **Семејни карактеристики и влијанија** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава семејните карактеристики (структура на семејството, функционирање, култура, вредност) | Креира и применува квалитетни инклузивни практики во образовниот процес според разликите во структурата, функционирањето, културата и семејните вредности на различни семејства |
| Го разбира влијанието на семејните карактеристики врз развојот и учењето на децата | Ги приспособува практиките според влијанието на семејните карактеристики врз развојот и учењето на децата |
| Ги разбира различните стилови на родителство | Создава средина за учење која рефлектира различни стилови на родителство и ги поврзува со однесувањето на децата |
| *Потподрачје*: **Комуникација, соработка и вклученост на родителите и семејството** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира важноста на соработката и вклученоста на родителите и семејствата во воспитно-образовната практика | Значително го олеснува ангажирањето и соработката во корист на децата |
| Ја разбира важноста на комуникацијата со родителите и семејствата во воспитно-образовната практика | Ефективно комуницира за јасно пренесување на информациите и градење односи со родителите, семејствата и другите засегнати страни |

| | |
|---|---|
| Знае разни начини и пристапи за вклучување на родителите и семејствата во воспитно-образовниот процес | Создава инклузивна и прифатлива средина во однос на различноста на потеклото на детето/родител/семејство |
| Знае разни пристапи, стратегии, форми, методи и техники на комуникација со родителите и семејствата | Користи разни пристапи, стратегии, форми, методи и техники и ги приспособува стиловите на комуникација на различен аудиториум |
| *Потподрачје*: **Едукативна и советодавна поддршка на родителите и семејството** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава релевантните образовни политики и иницијативи од оваа област | Го користи знаењето за релевантните образовни политики и иницијативи за да им обезбеди на родителите навремени и значајни информации |
| Ги познава релевантните услуги во заедницата поврзани со подобрување на родителските компетенции | Им обезбедува на родителите информации за општинските услуги поврзани со зајакнување на родителските компетенции (библиотека, важни објекти, институции и лица, итн.) |
| Ги познава ресурсите што ги демонстрираат методите на учење и поучување и ги вклучува родителите во интерактивни искуства за учење што можат да ги реплицираат со своите деца | Обезбедува пристап на родителите до ресурсите што ги демонстрираат методите на учење и поучување и ги вклучува родителите во интерактивни искуства за учење што можат да ги реплицираат со своите деца |
| Познава разни комуникациски пристапи и техники на советодавна работа со родители и семејства | Применува разни комуникациски пристапи и техники на советодавна работа со родителите и семејствата |
| *Потподрачје*: **Односи во заедницата** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава ресурсите на заедницата кои можат да придонесат за квалитетот на образованието во раното детство | Поддржува активности за зајакнување на социјалната свест и одговорност за развојот и благосостојбата на децата кај сите засегнати страни во заедницата |
| Ги знае потребите на општината поврзани со предучилишното образование | Планира и организира активности од интерес за децата, семејствата и заедницата |

## Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

| *Потподрачје*: **Личен и професионален развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја знае и ја разбира потребата за личен и професионален развој | Ги открива сопствените потреби за личен и професионален развој |
| Познава разни форми и активности на професионален развој дизајнирани да ги подобрат вештините, знаењето и ефективноста на воспитувачите | Открива и избира форми и активности за професионален развој соодветни на нивните потреби |
| Има знаење за образовните истражувања, воспитно-образовните практики засновани | Критички размислува за образовните истражувања, воспитно-образовните практики |

| | |
|---|---|
| на докази и трендовите во педагогијата за постојано подобрување на нивната практика | засновани на докази и трендовите во педагогијата во однос на нивната практика |
| Има знаење за рефлективната практика | Критички размислува за воспитно-образовните практики, бара повратни информации, го прифаќа начинот на размислување за раст и се вклучува во тековно самоподобрување |
| Има свест за пошироките образовни трендови, општествените промени и глобалните прашања кои можат да влијаат на развојот и учењето на децата | Користи разни ресурси за да најде информации за современите трендови кои можат да влијаат на развојот и учењето на децата |
| *Потподрачје:* **Професионална етика и соработка** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава универзалните етички принципи | Промовира универзални етички принципи |
| Ги познава етичките вредности и стандарди во својата професија | Ги почитува етичките вредности и стандарди на професијата |
| Ја разбира важноста од колегијална поддршка, соработка, размена на искуства и информации | Ги поддржува колегите и соработува со нив со цел размена на искуства и информации |
| Ја разбира важноста на професионалното здружување | Таа/тој е член на професионални здруженија |

# 9. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ
## за стручен профил во детските градинки

### Категорија Г – **СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ**

- Музички педагог;
- Ликовен педагог;
- Професор по физичко воспитување;
- Професор по странски јазик и književnost;
- Дипломирана медицинска сестра.

Клучни подрачја на основните професионални компетенции на стручните соработници вработени во детски градинки се:

1. Подрачје: **Знаење за програмското подрачје и предучилишното образование**
2. Подрачје: **Поучување и учење**
3. Подрачје: **Создавање стимулативна средина за учење**
4. Подрачје: **Социјална и образовна инклузија**
5. Подрачје: **Комуникација и соработка со семејството и заедницата**
6. Подрачје: **Аналитичко-истражувачка работа**
7. Подрачје: **Професионален развој и професионална соработка**

# 9.1 ЗАЕДНИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

## Подрачје: ЗНАЕЊЕ ЗА ПРОГРАМСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

| Потподрачје: **Знаење за програмското подрачје** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го познава програмското подрачје за кое поучува и знае како е поврзано тоа со другите подрачја | Ги познава основните методи за истражување во областа на која му припаѓа програмското подрачје |
| Ги познава клучните поими во програмското подрачје за кое поучува и нивната поврзаност со поимите од други подрачја | Ги обединува знаењата околу клучните поими во програмското подрачје и ги поврзува со другите |
| Ги познава пристапите со кои се предизвикува интерес кај децата кон програмското подрачје | Предизвикува интерес кон програмското подрачје кај децата од предучилишна возраст |
| Ги следи новите сознанија за програмското подрачје | Новите сознанија од програмското подрачје на соодветен начин ги вклучува во поучувањето |
| *Потподрачје*: **Знаење за предучилишното образование и раното учење и развој** | |
| *Знаење и разбирање* | *Знаење и разбирање* |
| Ја познава програмата за воспитно-образовна работа во предучилишно воспитание, образование и грижа – Програма за рано учење и развој | Фокусиран е на реализација на целите од програмата за воспитно-образовната работа кои се поврзани со неговото програмско подрачје |
| Ги познава воспитно-образовниот систем и законската регулатива, како и специфичностите во предучилишното воспитание, образование и грижа | Ги познава законските и програмските документи за работа во детска градинка |
| Ги разбира современите тенденции во раното учење и развој | Се раководи според општите принципи и цели на предучилишното воспитание, образование и грижа |

## Подрачје: ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

| *Потподрачје:* **Планирање и подготовка на активности** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги знае компонентите за успешно планирање на воспитно-образовната работа | Го планира поучувањето и учењето според пропишаните стандарди и потребите на децата |
| Ја разбира важноста од тоа во планирањето да ги вклучува воспитувачите и децата, како и да ги зема предвид расположливите ресурси и спецификите на градинката | Планира врз основа на рефлексијата од сопствената работа и повратните информации од децата, воспитувачите, колегите и родителите од градинката |
| Познава разни видови планирање на воспитно-образовната работа и знае како да ги комбинира | Умее да изработи разни планови усогласени со нивната намена |
| *Потподрачје*: **Реализација на активности** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го познава програмското подрачје за кое поучува и знае како да го поврзе со детските потреби и актуелните трендови на живеење | Ги поврзува содржините од програмското подрачје и нивната практична примена со други содржини од секојдневниот живот |
| Ги знае факторите кои влијаат на процесот на учење и мотивација на децата од различни возрасни групи | Кај децата гради позитивен став кон учењето и има високи очекувања за постигнувањата на секое дете |
| Знае и разбира основни стратегии за рано учење, поучување и развој | Користи современи приоди и методи во учењето и поучувањето, кои се во согласност со детските потреби и можности |
| Ја разбира важноста на детската активност во процесот на учење и поучување | Создава и одржува стимулативна средина и поттикнува истражување |
| Познава разни пристапи за учење и развој во кои се почитуваат различностите | Користи стратегии што промовираат прифаќање и промовирање на различностите |
| Ја разбира потребата од тимска работа во процесот на поучување и учење | Го поттикнува заедничкото размислување, заемната поддршка и чувството на заедништво меѓу децата |
| Знае да примени методски приоди специфични за програмското подрачје во контекст на раното учење | Поучувањето и учењето во програмското подрачје ги приспособува кон детските потреби и контекстот во градинката |
| Ја познава образовната технологија специфична за програмското подрачје | Поттикнува љубопитност и интерес кај децата за различните пристапи во учењето |

| | |
|---|---|
| Ги следи новите сознанија од програмското подрачје | Се залага за унапредување на својата практика кон новите сознанија |
| *Потподрачје*: **Следење на детскиот развој, потребите и постигнувањата** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги познава методите за следење на детските интереси, нивните претходни искуства и индивидуалните разлики | Користи разни современи методи за следење на детските развојни аспекти, потреби, можности и постигнувања |
| Знае современи методи за следење на детските потреби, можности и постигнувања, кои ги вклучуваат самите деца | Применува стратегии за следење на напредувањето, кои ги вклучуваат и самите деца, и создава позитивна клима |

**Подрачје: СОЗДАВАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ**

| *Потподрачје*: **Создавање безбедна и стимулативна средина за учење** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Разбира на кој начин средината го поттикнува и овозможува учењето | Организира стимулативна средина за учење, охрабрува различно мислење, има позитивен однос кон грешките и сл. |
| Ги знае потенцијалите и можностите на различните средства за учење | Обезбедува користење разни извори, материјали и средства во процесот на учење, вклучувајќи и безбедно користење на ИКТ |
| Ги познава и почитува политиките и практиките во врска со безбедност на средината во детска градинка | Промовира вредности и примена на постапки во врска со безбедност на средината во детска градинка |
| Познава разни начини за справување со кризни ситуации во градинка | Користи соодветни стратегии за кризна интервенција во детска градинка |
| *Потподрачје*: **Создавање позитивна клима во детската градинка** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Познава стратегии за педагошко водство на група и начини за создавање позитивна клима | Поттикнува заемно почитување и поддржува тимска работа меѓу децата промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања |
| Поседува знаења за комуникациски стратегии кои ги почитуваат културните и родовите разлики и кои може да влијаат врз климата во групата | Користи техники и стилови на комуникација со почит кон културните и родовите разлики и кои може да влијаат врз климата во групата |

## Подрачје: СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА

| *Потподрачје*: **Социјална и образовна инклузија** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира социјалните и културните фактори и нивното влијание врз образованието, како и својот придонес за социјална кохезија | Промовира вредности на инклузивна култура и практика и придонесува за инклузивна клима во градинката |
| Познава разни концепти и модели на инклузивно образование | Користи разни методи за диференцијација и индивидуализација во работата со деца на кои им е потребна дополнителна поддршка во образованието |
| Ги знае конвенциите за правата на децата и за антидискриминација | Користи стратегии кои промовираат прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување |
| Познава разни концепти и модели за организирана поддршка на талентирани деца | Користи разни пристапи за поддршка на талентирани деца, согласно со нивните специфични потреби |

## Подрачје: КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ЗАЕДНИЦАТА

| *Потподрачје:* **Комуникација и соработка со семејството и заедницата** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Го разбира значењето на семејството и локалната заедница за животот и работата на детската градинка | Промовира доверба и разбирање за градење партнерства со семејствата и локалната заедница |
| Знае начини за соработка со семејството и локалната заедница и можности за нивно учество во животот во градинката | Поттикнува разни механизми за соработка со семејството и локалната заедница и поддржува прилики за да се рефлектира нивната култура во сите аспекти на работата на градинката |
| Поседува комуникациски знаења за да соработува со семејството и со локалната заедница | Развива разни и ефективни начини за да комуницира со семејствата и со членовите на заедницата, на соодветни начини и со почит |

## Подрачје: АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

| *Потподрачје*: **Анализа и процена на воспитно-образовната работа** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае каква документација се води за воспитно-образовната работа во детска градинка | Придонесува во воспоставувањето систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни и воспитно-згрижувачки прашања во градинката |
| Ја познава методологијата за анализа на документацијата | Поврзува, обработува и анализира разни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите |
| Ги знае начините за интерпретација и известување за резултатите од анализата | Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес |
| *Потподрачје*: **Истражување на воспитно-образовната работа** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Има основни познавања од методологијата на истражувањата и основите на дескрип-тивната статистика | Се залага за унапредувањето на воспитно-образовната работа да се базира врз истражувања и факти |
| Познава разни техники за прибирање информации за воспитно-образовната практика | Спроведува истражувања за прашања актуелни за детската градинка и ги користи резултатите во сопствената практика |
| Ги познава методите за квантитативна и квалитативна анализа на податоците и знае да ги толкува | Анализира податоци од квантитативни и квалитативни истражувања и користи програми за статистичка обработка на податоците |
| Ги познава постапките за спроведувањ акциско истражување во воспитно - образовниот процес | Спроведува акциски истражувања за подобрување на воспитно-образовниот процес |
| Ја познава методологијата за анализа на документацијата и начините на толкување и известување за резултатите од анализата | Поврзува, обработува и анализира разни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите |

## Подрачје: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА

| *Потподрачје:* **Професионален развој** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира комплексноста на професијата, како и правата и одговорноста што ги носи таа | Континуирано ја унапредува сопствената практика врз основа на следењето на промените и новините во образованието |
| Ги познава професионалните компетенции за стручните соработници и ја сфаќа нивната важност за личниот професионален развој | Ги идентификува сопствените образовни потреби и го планира својот професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија |
| Знае како да изработи личен план за професионален развој и начини за соодветно документирање на неговата реализација | Развива личен план за професионален развој и континуирано ја евидентира реализацијата во Професионалното портфолио |
| Ги знае ефективните модели и можности за професионален развој и за напредување во својата професија | Развива и применува рефлективни вештини за анализирање и подобрување на сопствената практика |
| Информиран е за професионалните здруженија во заедницата | Соработува со колеги од разни професио-нални здруженија |
| Ја разбира и ја почитува филозофијата на доживотното учење | Промените и новините во својата професија ги применува во работата |
| Знае како да ја користи информациско- комуникациската технологија во својата секојдневна работа, соработката со колегите и за професионален развој | Вешто ја користи информациско- комуникациската технологија во својата секојдневна работа, соработката со колегите и за професионален развој |
| *Потподрачје:* **Професионална соработка** | |
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ја разбира важноста на професионалната соработка и колегијалните односи за подобрување на работата во детската градинка | Активно промовира колегијални односи и ја почитува професионалната етика во однос на задолженијата и кон колегите во градинката и надвор од неа |
| Информиран е за разни професионални здруженија, социјални мрежи и форуми на кои се информира за својата работа | Учествува во разни професионални здруженија, социјални мрежи и форуми со цел да ја подобри својата работа |

# 10. ОСНОВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ за стручен профил во детските градинки

## Категорија Д – **НЕГУВАТЕЛИ**

Клучни подрачја на основните професионални компетенции на негувателите вработени во детски градинки се:

1. Подрачје: **Детски развој и учење**
2. Подрачје: **Средина**
3. Подрачје: **Организација и клима**
4. Подрачје: **Воспитно-образовен процес**
5. Подрачје: **Соработка со семејството и заедницата**
6. Подрачје: **Професионален развој**

## Подрачје: ДЕТСКИ РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ

| *Потподрачје:* **Рана грижа и развој на детето** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Ги разбира современите пристапи кои се однесуваат на раната грижа за детето | Умее да ги препознае современите пристапи за раната грижа за детето |
| Ги разбира и покажува слух за современите образовни теории, принципи и модели кои се однесуваат на раниот развој на детето | Способен е својата работа да ја приспособи на современите образовни теории, принципи и модели кои се однесуваат на раниот развој на детето |
| Ги разбира индивидуалните потреби и разлики во грижата и развојот на секое дете | Умее својата работа да ја приспособи на индивидуалните потреби и разлики во грижата и развојот на секое дете |
| Познава пристапи што се користат во надминување на состојбата на стрес и траума кај децата | Применува пристапи што се користат во надминување на состојбата на стрес и траума кај децата |
| Ги знае домените на раниот детски развој и нивната реализација во различни контексти на грижа/учење и развој | Умее да ги препознае домените на раниот детски развој во секојдневните активности |
| Ги знае конвенциите за правата на децата и за антидискриминација | Користи стратегии кои промовираат прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување |

## Подрачје: СРЕДИНА

| *Потподрачје:* **Нега и практика** | |
|---|---|
| *Знаење и разбирање* | *Професионални способности и вештини* |
| Знае да ја поврзе својата практика на нега и грижа за секое дете со реализацијата на курикулумот | Способен е да ги согледа потребите за нега и грижа за секое дете за време на реализацијата на курикулумот |
| Знае да креира лична програма за својата работа | Умее да креира лична програма за својата работа |
| Знае да креира практика базирана на потребите и контекстот, која ги рефлектира современите трендови за грижа за здравјето | Способен е својата практика да ја базира на потребите и контекстот и да ги рефлектира најновите трендови за нега и грижа за здравјето |
| Знае да ја адаптира својата практика на грижа и нега кон потребите на секое дете | Вешто ја адаптира својата работа според потребите на секое дете |
| Знае да ја развие својата практика според постапките на децата, им помага на децата да ги разберат своите постапки за грижа и нега | Умее да ги препознава и анализира постапките на децата, се труди да им ги објасни и според нив да ја креира својата практика |
| Знае да креира и поддржува здрава и безбедна средина која е соодветна за оптимална нега | Вешто создава здрава и безбедна средина за оптимална нега и грижа за секое дете, |

| | |
|---|---|
| и грижа за секое дете, особено за децата на кои им е потребна дополнителна поддршка | особено за децата на кои им е потребна дополнителна поддршка |
| Ги развива својата практика, знаењето, вештините и професионалното однесување со помош на експериментални стратегии | Способен е својата практика, знаењето, вештините и професионалното однесување да ги развива со помош на експериментални стратегии |
| Го знае и го разбира значењето на активното вклучување на децата во својата практика | Умешно ги вклучува децата во својата работа |
